



# КАРПОШ

## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ИМАТЕЛИТЕ/СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА

Ве известуваме дека во 2015 година, од страна на Општина Карпош ќе се спроведе акција за отстранување на хаварисани возила поради попречување на одвивање на сообраќајот и нарушување на јавната чистота, согласно со Одлуката за отстранување на хаварисани возила од јавни површини на подрачјето на Општина Карпош- Скопје бр. 07-7312/3 од 27.10.2014 година и одредбите на Законот за безбедност во сообраќајот. Доколку поседувате возило кое е хаварисано во смисла на член 2 став 1 алинеа 4 од Одлуката, односно, возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор како и оштетени и дотраени приколки (за кампување, носење товар и сл.) кои не се во состојба да се движат, АПЕЛИРАМЕ сами да си ги отстраните хаварисаните возила кои се во Ваша сопственост, со цел, да се избегнат понатамошни трошоци односно надоместок на услуга за отстранување на хаварисано возило кои ќе бидат на Ваша сметка.



# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДУЌАНЦИИТЕ

Општина Карпош има ангажирано 90 лица за чистење на снегот пред автобуските станици, училиштата и градинките. Ги повикуваме и сопствениците на дуќаните, покрај Општината, да преземат дел од општествената одговорност за безбедноста на граѓаните.

Се повикуваат сопствениците односно корисници на јавни објекти (на дуќани и други деловни простории и објекти) на територијата на Општина Карпош, веднаш да ги исчистат отворените простори, односно влезовите и пристапите до нив, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите. Во спротивно, во наредните денови, инспекциските служби на Општина Карпош ќе извршат контроли и ќе применат казнени мерки согласно Законот за јавна чистота член 22, став 2. („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 23/2011, 53/2011,80/2012 и 163/2013). Доколку правното лице не го исчисти снегот од отворениот простор пред јавниот објект, согласно член 37 од истиот Закон, ќе му биде изречена глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност, на правното лице сопственик, односно корисник на јавен објект ако не го исчисти снегот од отворениот простор пред објектот и глоба во износ од 100 евра денарска противвредност за прекршок од став 1 на овој член, ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.



# СООПШТЕНИЕ ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ВОЗИЛА

Се повикуваат сите граѓани на Општина Карпош, сопственици на моторни возила, кои живеат во индивидуални станбени објекти, куќи, пред кои ги имаат паркирано сопствените возила, веднаш да ги отстранат од тротоарите и коловозите, и да ги внесат во своите дворови и гаражи, како што налагаат законските прописи. Овие возила досега преставуваа пречка за специјалните возила ангажирани од Општина Карпош да ги исчистат сервисните и станбените улици.



# „ВИЗА“ ЗА ДУП ЗА КРИВИ ДОЛ

На 27-та седница на Советот на Општина Карпош, која беше последна за оваа година, се изгласа Предлог одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градската четврт ЦС 15 - Криви Дол, Општина Карпош.Советот даде „зелено светло“ и за формирање Комисија за изработка на програмата за работа на Советот за 2015 година, кое решение исто така беше едногласно усвоен. Советот на Општина Карпош ја заокружи и процедурата околу обезбедување на инструменти за долгорочно задолжување на општина Карпош со заем кај финансиска институција.







# АНДРЕЈ ПЕТРОВ ЈА ЗАДОЛЖУВАШЕ ОПШТИНАТА ЗА НИШТО, А ЈАКИМОВСКИ ГРАДИ!

Се прашуваме дали СДСМ кога зборува за задолжување на сегашните и идните генерации на карпошани поаѓа од сопственото искуство и примерот на нејзиниот екс потпретседател и градоначалник на Општина Карпош Андреј Петров? Тој е градоначалникот кој што зема два кредита: еден земен од приватна фирма, а другиот од комерцијална банка во износ од речиси 1,5 милиони евра, кој до скоро му го отплаќаше градоначалникот Стевчо Јакимовски. За среќа, граѓаните на Карпош многу добро знаат што ненаправил Андреј Петров за Карпош, а колку многу направи градоначалникот Јакимовски.

Но, тоа е Социјалдемократскиот сојуз: за една иста работа има два аршина, во зависност од тоа дали е власт или опозиција. Во моментот СДСМ во Карпош е опозиција и се многу несреќни што Јаскимовски и мнозинството од Советот обезбедија средства за развој на Карпош. Обезбедени се средства за нови фасади, за замена на азбесните покриви, за поправка на лифтови, за нови улици и канализациии. Изгубени во својата суета, тие денес не гласаа за развој на Општината туку најсреќни ќе бидат ако Општина Карпош стагнира. За нивна жал, додека ја води Јакимовски, таа и натаму ќе биде водечка општина во Република Македонија.



# ДВЕ ДЕЦЕНИИ „ВОДЊАНСКИ ЛИСИЦИ“

Во 1994 год. група ентузијасти на чело со Амди Муса, сегашен спортски директор на клубот, на падините на Водно се договорија да формираат нов кошаркарски клуб, а инспирирани од скопските „бели дробови“ го нарекоа „Водњански лисици“. Темел на клубот во овие две децении беше ентузијазмот и посветеноста на работа со млади таленти.

Клубот своите „батерии“ во изминативе години ги полнеше во спортските сали на основните училишта „Владо Тасевски“ и „Петар Поп-Арсов“ со поддршка од општина Карпош. Овој клуб е еден од ретките, ако не и единствен во Македонија, кој се натпреварувал и освојувал титули во сите категории, во женска и машка конкуренција. Во женска конкуренција КК „Водњански лисици“ бил: сениорски шампион на Македонија за 2000/2001, освојувач на Куп на Македонија во 2001, вицешампион на Македонија во 2006/07, освојувач на сребрен медал во Купот на Македонија во 2007, Шампион на Македонија во младинска конкуренција за 2006/07 и 2007/08 и Шампион на Македонија во кадетска конкуренција во 1997 и 2002. Боите на клубот досега ги бранеле стотина кошаркарки, од кои некои настапувале и за дресот на Македонија (Бојана Самарџиска, Едина Муса, Ханка Муса, Деспина Поповска, Кристина Стојановска и др.). Во машка конкуренција овој клуб го освоил шампионатот на Македонија во младинска конкуренција во 1997 и 2001, бил шампион на Македонија во кадетска конкуренција во 1997 и 2001, освоил второ место во Втората лига во 2011/12 и 2013/14 и пласман во І-та лига. Во оваа јубилејна година, клубот за првпат се натпреварува во







најсилното натпреварување I-та лига. И во машките екипи играле стотици кошаркари од кои посебно треба да се истакнат репрезентативците: Предраг Самарџиски, Јане Петровски, Иван Наумовски, Тоше Трајковски, Владимир Мирковски, Владо Мисајловски, Александар Софкоски и други. Овие постигнувања беа мотив да се одбележи јубилејот по повод 20 годишнината од неговото основање со одигрување на ревијален натпревар против своите „комшии“ од општина Карпош, КК „Карпош Соколи“.

Во неизвесен и интересен натпревар, победник беше екипата на гостите која победи со резултат 86:83. По одигрување на натпреварот беше организирана пригодна свеченост на која покрај роденденската торта беа доделени и плакети на најдобрите играчи, какп и на организации и поединци кои дале несебичен придонес во развојот на клубот. Со голема чест клубот додели голема плакета и на општина Карпош, која лично ја прими градоначалникот Стевчо Јакимовски. Останува да им посакаме уште многу јубилеи и успеси во претстојните години, децении... Среќен роденден Лисици.






# БАДНИКОВ ОГАН ВО КАРПОШ

Денеска, 05.01.2015 година, со почеток во 19 часот, на спортското игралиште во населбата Влае, ќе започне традиционална манифестација на палење бадников оган. Со посна празнична трпеза, многу музика и голем огномет, градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски ќе ја искористи приликата да ги поздрави присутните граѓани и воедно ќе им ја честита Новата 2015 година, и пред, се, големиот празник Христовото раѓање-Божиќ. Градоначалникот Јакимовски својата изјава за медиумите ќе ја даде во 20 часот на спортското игралиште во Влае.




Општина Карпош
Новогодишната светлина
нека Ви го донесе патот
до срекaта, успехот и здравјето
Нека го стопи злото во добро,
а сонот го претвори во стварност
Среќна Нова 2015 година


Нека ни се среќни
Новогодишните
и Божиќните празници,
да ги прославиме
со најблиските